## ТРАДИЦИОНАЛНА НОВОГОДИШНА АНКЕТА НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“

# КОЈ НАСТАН, ДЕЛО, ЛИЧНОСТ?

**МИОДРАГ ДРУГОВАЦ, ЛИТЕРАТУРЕН КРИТИЧАР**

### »ОКОВАНО ЈАБОЛКО« НА ЈАНЕВСКИ И »ИЗБОР« НА ВАПЦАРОВ

Стихозбирката „Оковано јаболко“, според мене, беше уште едно откривање на творечките патеки по кои, со жар, но и со рационална, а би рекол и мудра организираност (и систематичност), се движи натаму бујната и постојано будната имагинација на Славко Јаневски. Затоа и напишав дека творечкиот часовник на Јаневски секогаш покажува ново време...

Би го истакнал и „Изборот“, со одбрани поетски, прозни, драмски и критичко-есеистички трудови на Никола Ј. Вапцаров, во редакцијата на д-р Гане Тодоровски. Тоа е едно научно концепирано, за нас денес и за натамошните истражувања на делото на големиот македонски и пролетерски поет Вапцаров исклучително значајно издание, проследено со сета неопходна научна апаратура (писма, факсимили, библиографија, критички написи итн.), всушност — уште едно изворно потсетување и на судбината и на творечките вредности на тоа дело.

**ВАНГЕЛ НАУМОВСКИ, СЛИКАР:**

### 15 МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

Вистински настан на годината беше ликовната манифестација „15 македонски ликовни уметници“, чиј блесок за жал не најде најсоодветно место во нашите средства за масовна комуникација. Нејзиното приредување во СРМ, потоа во Дубровник, Сараево, Љубљана, Приштина, Белргад и Брадфорд претставуваше празник на уметноста.

**КИРО ПСАЛТИРОВ, АРТИСТ:**

### ИЗЛОЖБИТЕ НА КОРУБИН И МАНЕВ

Минатата година, меѓу другото, нашата култура најави и една цела плејада млади талентирани сликари. Од нив особен белег на минатогодишната сезона и дадоа претставувањата на младите академски сликари Рубенс Корубин и Димитар Манев. Корубин имаше една самостојна и неколку групни изложби, а Манев излагаше неколкупати групно. Мојата определба за овие двајца уметници е поради тоа што тие веќе сериозно се наметнуваат со своите творечки индивидуалности. Во нив македонското модерно сликарство во најскоро време ќе има квалитетни продолжувачи на најубавите традиции на нашето национално ликовно дело.

**ПЕТАР Т. БОШКОВСКИ, ПИСАТЕЛ:**

### АФИРМАЦИЈАТА НА ЛИТЕРАТУРАТА И ТЕАТАРСКАТА УМЕТНОСТ

Минатата година имаше доста културни настани, достојни за големо внимание. Во рамките на вашата анкета, јас би подвлекол два феномена. Едниот е сè поизразита афирмација на македонската литература во светот, за што минатата година ни дадоа докази со преводите и убавите одзиви на импресивниот број наши дела. Вториот е подемот на нашата театарска уметност, а посебно на режисерската креација која, може веќе слободно да се каже, зазема исто така место во југословенското татарско движење. На пример, на „Стериино позорје“ минатата година половина од прикажаните претстави беа режирани од македонски режисери.

**АТАНАС БОЈАРОВСКИ, ПОЕТ**

### ИЗБРАНИТЕ ДЕЛА НА НИКОЛЕСКИ

Најмногу ме восхити појавата на избраните дела во десет томови на пионерот на литературата за деца и еден од нејзините основоположници кај нас, Ванчо Николески, со што, всушност, го доби и заслуженото општествено и културно признание. Неговите раскзи и приказни, песни и поеми, како и романите, на кои се учеа низа генерации македонски писатели, најпосле се најдоа вкусно опремените на убавата литература. Уште повеќе импонира што ова издание ѝ даде посебен белег на меѓународната година на детето во македонски размери.

**ЛУАН СТАРОВА, ПИСАТЕЛ:**

### ДЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Ретки се настаните во светот на една култура со избор од нејзините најрепрезентативни достигања на мигот. Кога тие организирано и прегнантно се предаваат на една друга култура на увид, која дотогаш со нив имала само епизодни средби, тогаш како да се воспоставува еден нов меѓуцивилизациски дијалог. Деновите на македонската култура минатата година во Велика Британија се најблиски до оваа вистина. Европскиот аудиториум преку оваа манифестација доби потврда дека континуитетите во културата на народите што често биле позајмувани и обесправувани, коклу и да биле испрекинувани во минатото секогаш ја содржат нивната иманентна полнота.

**МАКСИМ ДИМАНОВСКИ, СКУЛПТОР:**

### СТРУШКИТЕ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА

Доминантен настан во текот на годината што измина секако е познатата манифестација Струшки вечери на поезијата, која во областа на културата претставува значаен фактор во афирмирањето и доближувањето на поезиите од разни меридијани.

Кога е во прашање издвојување на дело, би се определил за архитектонското решение на хотелот „Изгрев“ во Ливадишта, Струшко, кој претставува вистинско уметничко решение во просторот што го зафаќа.

За мене, личност на годината бездруго е добитникот на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата, Мирослав Крлежа.

**ДУШАН РИСТЕСКИ: КУСТОС:**

### НАЈНОВИТЕ ФРЕСКИ НА ЛАЗЕСКИ

Академскиот сликар Борко Лазески со изложбата во Музејот на современата уметност во Скопје, ја манифестира и ја потврди својата универзална ликовна вредност. Со успех ги доловува вистините од минатото изразени преку фреските. Неговите дела се кохезија на сите ликовни движења од дамнина до денес, со навестување од еден нов правец. Фреските во Кичево во музејот „Западна Македонија во НОВ“, како негови најнови остварувања, се негoвите врвни дострели на тој план. Лазески го овековечи македонското фреско сликарство и му даде еден нов импулс и трајна уметничка вредност. Фреските во Кичево се негови врвни дела, кои сè уште се малку познати на јавноста, бидејќи ќе бидат обелоденети годинава на ѕидовите од музејот на Западна Македнија.

НОВА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 27.I 1980